**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4264/**

# З А П И С Н И К

**Од 119-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 22.09.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани, Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Марјан Цветковски – Директор на МРТ, Харун Ибраими – Заменик на директорот на МРТ, Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ, Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ, Емилија Николова Христовска – Раководител на Одделение за финансии и Слаѓана Миливојевиќ – Претседател на Синдикалната организација при МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради Корона кризата во државата, 119-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 118-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на предлог Иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

3. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на записникот од 118-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записникот од 118-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата и дадените забелешки од страна на Ивана Трајковска и Ведат Мемедалија записникот од 118-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 118-та седница на Програмскиот Совет на МРТ со забелешките.

**ТОЧКА 2:Разгледување на предлог Иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор на МРТ.**
По однос на втората точка воведно излагање имаше Марјан Цветковски-Директор на МРТ, кој истакна дека врз основа на Заклучокот на Програмскиот совет со кој го овластува да започне преговори со Синдикалната огрганизација при МРТ од негова страна е формирана Комисија за водење на преговори по што е пристапено кон водење преговори со Синдикалната организација, притоа истакна дека е дојдено до заклучок кој смета дека е праведен и нема да донесе понатамошни несакани состојби во работењето на МРТ. Потоа се осврна на работите кои се договорени со Синдикалната организација пред се на барањето за утврдување на пресметковната вредност на коефициент 1 која треба да изнесува 14.934 денари и истакна дека со оваа исправка нема да има потреба да се менува финансискиот план и дека зголемувањето е предвидено во предлог финансискиот план за следната година. Директорот на МРТ исто така напомена дека во иднина зголемувањето на пресметковната вредност ќе се зглемува(усогласува со потписниците) за 40% доколку во иднина се зголемува минималната плата, но само од разликата на зголемувањето. Меѓу другото истакна дека се водени разговори со Синдикалната организација при МРТ како и со други структури во МРТ за корекција на коефициентите на сложеност на работните места кои се содржани во Колективниот договор, со цел да се нивелирааат коефицинетите согласно работните обврски, при што напомена дека има работни места мои се потценети и каде треба да се зголеми коефициентот, но и дека има работни места кои се преценети и каде коефициентот треба да се намали. Исто така истакна дека се регулира спорниот дел со смрт на член на потесно семејство и во принцип дека тоа се работите кои беа предмет на преговори со Синдикалната организација при МРТ.

За збор се јави Анита Латифи која му постави прашање на Директорт на МРТ дали корекцијата ќе значи само зголемување на коефициенти на работните места што се потценети, односно недоволно вреднувани, или ќе значи и намалување на тие што се преценети?

Директорот на МРТ го изнесе неговиот личен став дека треба да има драстично намалување на коефициентите за одредени работни места во МРТ кои во моментот се преценети.

Смилка Јанеска Саркањац постави прашање која е идејата на членот 6 од измените и дополнувањата на Колективниот договор, во кој се даваат коефициенти на сложеност на Директорот и Заменик на директорот на МРТ и дали тој член не е во директна колизија со менаџерските договори?

Директорот на МРТ истакна дека тоа е по предлог на Синдикаланта организација на МРТ за да се знае максимумот на секој менаџерски договор во МРТ, на тоа се надоврза Слаѓана Миливојевиќ – Претседател на Синдикалананата организација при МРТ која истакна дека според нив овие две ставки треба да влезат во Колективниот договор на МРТ како би се знаело колку е платата на директорите во МРТ.

Снежана Клинчарова упати благодарност до Директорот на МРТ и до Претседателката на Синдикалната организација при МРТ за надминување на проблемите со кои Советот се занимаваше цела година и истакна дека се сложува со членот 6 од предложените измени и дополнувања и предложи да се изгласаат предложените измени и дополнувања на Колектинивот договор.

Претседателката на Програмскиот совет истакна дека во однос на постапката треба да се придржуваат до процедурата и дека ова е нов предлог што го доставува Синдикатот на МРТ кој што ќе има финансиски импликации и предложи Иницијативата да се достави на разгледување до Надзорниот одбор на МРТ и апелираше Надзорниот одбор да даде мислење што е можно поскоро како не би се закочил процесот на носење на измените и дополнувањата на Колективниот договор.

Ведат Мемедалија истакна дека Програмскиот совет на МРТ има мислење од Надзорен одбор и дека нема потреба да бараат ново мислење. Потоа се надоврза на корекцијата на коефициентите на сложеност при што се сложи дека теба да претрпи измена КД во однос на коефициентите и дека Програмскиот совет треба да ги изгласа измените и дополнувањата со условување да стапи во сила кога ќе се корегираат коефициентите.

На тоа се надоврза Смилка Јанеска Саркањац со образложение дека има нови финансиски моменти со ова барање и дека поради тоа треба да се достави спогодбата на разгледување и до Надзорниот одбор на МРТ и тие да дадат мислење.

По однос на корегирањето на коефициентите Анита Латифи истакна дека треба да се размисли да се најде некој модус како МРТ би се заштитила од евентуални тужби од страна на вработени кои би им биле намалени коефициентите.

Ристе Панов се јави за збор и истакна дека ги поддржува предлозите на Претседателката на Програмскиот совет и ги образложи аспектите зошто треба да се побара мислење и од Надзорен одбор.
По расправата членовите на Програмскиот совет на МРТ се согласија дека иницијативата за измена и дополнување на Колективниот договор треба да се достави до Надзорниот одбор на МРТ, и да се побара мислење од Правната служба за усогласеноста на Колективниот договор со позитивните законски прописи.

Програмскиот совет на МРТ ја разгледа предлог Иницијативата за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ бр.03-1146/13 од 16.09.2020 година,и по расправата ги донесе следните Заклучоци:

■Програмскиот совет на МРТ ја разгледа предлог Иницијативата за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ бр.03-1146/13 од 16.09.2020 година, и го задолжува Надзорниот одбор на ЈРП МРТ да даде мислење по однос истата.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

■Програмскиот совет на МРТ ја разгледа предлог Иницијативата за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ бр.03-1146/13 од 16.09.2020 година, и го задолжува Одделението за правни и нормативни работи во МРТ да даде мислење во однос на усогласеноста на текстот на Иницијативата за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ со позитивните законски прописи во државата и со Заклучоците на Владата на РМ, и дали треба да се побара мислење од некоја државна институција во однос на измените и дополнувањето на Колективниот договор.
-Заклучокот беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка немаше дискусија.

Седницата заврши во 13:40 часот.

Записничар:
И.Тримчески

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател